Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

МАКСТАТ

# ЖЕНИТЕ и МАЖИТЕ

## ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2023

# ЖЕНИТЕ
*и*
# МАЖИТЕ

ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2023



# Жените и Мажите во Северна Македонија, 2023

**Издавач:** **Државен завод за статистика**
Даме Груев бр. 4, Скопје
Република Северна Македонија
тел.: +389 (0)2-3295-600
факс: +389 (0)2/3111-336
Поштенски фах 506

**Одговара:** Апостол Симовски, директор
**Уредник:** Татјана Ѓорѓиевска
**Лектор на македонски јазик:** Јасмина Ѓоргиева
**Дизајн:** Нита Хаџихамза Гаши
**Печатено во:** Полиестердеј
**Тираж:** 100 примероци
**Број на страници:** 104

При користење на податоците да се наведе изворот:
Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2023) Жените и мажите во Северна Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

31:314.117-055.1/.2(497.7)"2023"
314.117-055.1/.2(497.7)"2023"

ЖЕНИТЕ и мажите во Северна Македонија : 2023 / [уредник Татјана Ѓорѓиевска]. - Скопје : Државен завод за статистика, 2023. - 103 стр. ;20x20 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-227-352-5

а) Население -- Полова структура -- Македонија -- 2023 -- Статистика
COBISS.MK-ID 59980549

Публикацијата е подготвена со поддршка на UN Women, во рамките на проектот Советодавни услуги за вклучување на родовата перспектива за администрацијата на Северна Македонија на централно ниво – Инструмент за родова еднаквост (Gender Equality Facility – GEF), што го спроведува канцеларијата на UN Women во Северна Македонија во партнерство со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за труд и социјална политика, со финансиска поддршка од Шведска. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не мора да ги претставуваат ставовите на UN Women, Обединетите нации или на која било од нејзините поврзани организации.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Скратеници | 5 |
| Предговор | 6 |
| Вовед | 7 |
| Клучни настани во поглед на законодавството и политиката за родова еднаквост во Северна Македонија | 10 |
| 1. НАСЕЛЕНИЕ | 14 |
| 2. ЗДРАВСТВО | 34 |
| Сексуално и репродуктивно здравје | 38 |
| КОВИД-19 | 40 |
| 3. ОБРАЗОВАНИЕ И ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ | 42 |
| Информациски и комуникациски технологии (ИКТ) | 62 |
| 4. ЕКОНОМСКО УЧЕСТВО | 64 |
| 5. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 84 |
| 6. МОЌ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ | 90 |
| 7. КРИМИНАЛ И ПРАВДА | 94 |
| Семејно насилство | 98 |



# СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **АРС** | Анкета за работна сила |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **Истанбулска конвенција** | Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| **ИКТ** | Информациски и комуникациски технологии |
| **МИКС** | Мултииндикаторско кластерско истражување |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НАП** | Национален акциски план |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ППА** | Пекиншка платформа за акција |
| **РБН** | Родово базирано насилство |
| **РЕ** | Родова еднаквост |
| **РОБ** | Родово одговорно буџетирање |
| **СЗО** | Светска здравствена организација |
| **ЦОР** | Цел(и) за одржлив развој |
| **CEDAW** | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| **GREVIO** | Експертско тело на Совет на Европа за имплементација на Истанбулската конвенција |
| **NEET** | Лица што не се вработени и не посетуваат образование или обука |
| **UN Women** | Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |

# ПРЕДГОВОР

Почитувани корисници,

Пред вас е тринаесеттото издание на публикацијата „Жените и мажите во Северна Македонија“, подготвено врз основа на податоците кои Државниот завод за статистика ги прибира преку своите редовни статистички истражувања, но и податоци од други учесници во Националниот статистички систем. Имајќи ја предвид содржината на претходните изданија, во ова издание се обидовме да го продолжиме континуитетот на објавените податоци, но и да презентираме нови содржини кои ќе ви овозможат да добиете слика за демографските, образовните и економските карактеристики на жените и на мажите во Република Северна Македонија во согласност со препораките од анализата на сите досегашни изданија на „Жените и мажите во Северна Македонија“, изработена во соработка со UN Women, со чија поддршка Заводот забрзано работи на унапредување на работата со родовите статистики.

Презентираните индикатори од родовите статистики ни овозможуваат да го следиме процесот на воспоставување на еднакви можности и еднаков третман на жените и на мажите во разни области од животот: образованието, вработувањето, правосудството, социјалната заштита.

Се надеваме дека ова издание ќе послужи како патоказ за следење на состојбите со родовите показатели во Северна Македонија и ќе претставува основа на натамошни продлабочени истражувања и анализи.

Директор
Апостол Симовски

# ВОВЕД

Родовите статистики не се само податоци поделени по пол. Тоа се статистички податоци што ги одразуваат разликите и нееднаквостите меѓу жените и мажите во сите области од животот. Родовите статистики се суштинска алатка за вклучување на родовата перспектива во главните политики, бидејќи тие ги истакнуваат критичните јазови, овозможувајќи подготовка на родово одговорни стратегии, политики и програми со кои се подобрува животот на жените и мажите, на девојчињата и момчињата.

Во Пекиншката платформа за акција (ППА), донесена на Четвртата светска конференција за жените во 1995 година, се препознава дека поради отсуството на статистички податоци поделени по пол, во многу области не може јасно да се види природата и степенот на родовите нееднаквости. Затоа, ППА содржи посебна обврска националните, регионалните и меѓународните статистички служби и релевантните владини агенции да осигураат дека статистичките податоци за физички лица се собираат, анализираат и се презентираат по пол и по возраст и дека ги одразуваат проблемите, темите и прашањата што се однесуваат на жените и на мажите.[1]

Северна Македонија е целосно посветена на спроведувањето на Агендата на ОН за одржлив развој 2030 и на процесот на интеграција во Европската Унија (ЕУ). Земјата има воспоставено рамка на политики за одржлив развој преку мерки, активности и насоки утврдени во Националната стратегија за одржлив развој 2009 – 2030.[2] Обединетите нации во Северна Македонија ѝ помагаат на земјата во забрзувањето на активностите за постигнување на ЦОР утврдени во Агендата 2030 преку идентификување на стратегиските

1 Пекиншка платформа за акција (1995), член 206.

2 МЖСПП, Влада на Република Македонија (2010), Национална стратегија за одржлив развој 2009 – 2030, достапно на: *https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/MZHSPP/nacionalna-strategija-za-odrzliv-razvoj-vo-rsm.pdf*

приоритети во рамките на нивниот клучен документ, Рамка за соработка за одржлив развој со Обединетите нации 2021 – 2025.[3] Рамката е усогласена со националните развојни приоритети на земјата, со нејзините меѓународни обврски за човекови права и родова еднаквост и со Агендата 2030.

Правото на ЕУ е целокупниот корпус на заеднички права и обврски што се обврзувачки за сите членки на ЕУ, додека од земјите што поднесуваат барање за членство, се бара да го прифатат правото на ЕУ за да можат да ѝ се придружат на ЕУ. ЕУ бара од земјите членки да подготвуваат квалитетни статистики во согласност со начелата на Кодексот за работа на европската статистика и врз основа на професионална независност, непристрасност, сигурност, транспарентност и доверливост.

Според тоа, од Република Северна Македонија, како земја кандидатка за ЕУ, се очекува да ги подобри квалитетот и достапноста на родовите статистички податоци и да ја подобри нивната употреба во подготовката и координацијата на јавните политики во претпристапниот/ пристапниот период. Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата за 2022 година[4] се потврдува дека недостатокот на родово разделени податоци во различните сектори претставува значителна пречка во креирањето политики и мерки засновани на докази и се истакнува дека за соодветно собирање и анализа на родовите статистики потребно е да се зајакнат капацитетите на релевантните институции и да се подобри нивната координација.

Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (ДЗС) е координатор на статистичкиот систем на земјата. Од ова произлегува и обврската за координација и унапредување на производството на родови статистики во согласност со Законот за државната статистика,[5] Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027,[6]

3 Обединети нации (2021) Рамка за соработка за одржлив развој 2021 – 2025, достапно на: *https://northmacedonia.un.org/sites/default/files/2020-11/UN-SDCF-MK_english_signed.pdf*

4 Европска комисија (2021), Извештај за Северна Македонија 2022 година

5 Закон за државната статистика („Службен весник на РМ“ бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18, 31/20)

6 Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.29/23)

Законот за еднакви можности на жените и мажите,[7] Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство[8] и други релевантни закони. Во Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 ДЗС се наведува како главна државна институција во поглед на родовата статистика. Според Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, ДЗС е одговорна институција за спроведување национално истражување за состојбата со родово базираното насилство и семејното насилство.

Навремените и веродостојни податоци разделени по многу белези се од суштинско значење за планирање и следење на националниот напредок во постигнувањето на Целите на одржлив развој. Заводот вложува напори и интегрира збир на индикатори што обезбедуваат статистичка поддршка за следење на степенот на имплементација на концептот на одржлив развој. Целта 5 конкретно се однесува на родовата еднаквост и на зајакнувањето на жените и девојчињата, но родовите аспекти се сметаат за приоритетна област и се застапени во голем дел од Агендата 2030. Според тоа, на национално ниво, родовите статистики се клучни за следење на напредокот во постигнувањето на потцелите на ЦОР, како и во постигнувањето на самите ЦОР.

7 Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/12)

8 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021)

## Клучни настани во поглед на законодавството и политиката за родова еднаквост во Северна Македонија

| | |
|---|---|
| 1991 | ▪ Пристапување кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) и потпишување на Факултативниот протокол што стапи на сила во 2003 година |
| 1995 | ▪ Потпишување на Пекиншката декларација и на Платформата за акција, донесени на Четвртата светска конференција за жените во Пекинг |
| 1997 | ▪ Донесена Одлука за формирање Одделение за унапредување на родовата еднаквост при Министерството за труд и социјална политика |
| 1999 | ▪ Донесен првиот Национален акциски план за родова еднаквост |
| 2001 | ▪ Се воведува родова квота, која налага 30% од кандидатите на изборните листи на национално и на локално ниво да бидат од помалку застапениот пол |
| 2003 | ▪ Основан е Клуб на пратенички – неформална и меѓупартиска група на пратенички од Собранието на Република Северна Македонија |
| 2005 | ▪ Донесен Закон за работни односи, со одредби за заштита од дискриминација и еднакви можности на жените и мажите |
| 2006 | ▪ Донесен Закон за еднакви можности на жените и мажите<br>▪ Основана Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Северна Македонија<br>▪ Родовата квота за изборите е проширена и налага секое трето лице на кандидатските листи да биде од помалку застапениот пол |
| 2007 | ▪ Одделението за унапредување на родовата еднаквост при Министерството за труд и социјална политика (1997) се реорганизира и прераснува во Сектор за еднакви можности, со што се унапредува неговиот статус и му се дава севкупна одговорност за унапредување на статусот на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот<br>▪ Назначени координатори за еднакви можности на жените и мажите во сите институции на централно и на локално ниво<br>▪ Донесен вториот Национален акциски план за родова еднаквост за периодот 2007 – 2012 година |

| | |
|---|---|
| 2010 | ▪ Донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација<br>▪ Донесена Стратегија за безбедно мајчинство за 2010 – 2015 година, со НАП за нејзино спроведување |
| 2011 | ▪ Донесена Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје за 2011 – 2020 година, со НАП за нејзино спроведување |
| 2012 | ▪ Донесена Стратегија за родово одговорно буџетирање (2012 – 2017)<br>▪ Донесен првиот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН за жените, мирот и безбедноста (2013 – 2015)<br>▪ За првпат во Северна Македонија донесен Закон за минимална плата – не се однесува експлицитно на жените, туку ги опфаќа ниско платените работни места на кои преовладуваат жените |
| 2013 | ▪ Донесена првата Стратегија за родова еднаквост за 2013 – 2020 година<br>▪ Донесен Закон за прекинување на бременоста (Закон за абортус) – со кој се ограничува пристапот на жените до абортус |
| 2014 | ▪ Донесен Закон за спречување и заштита од семејно насилство<br>▪ Концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ) е воведен и за првпат спроведен во државните институции и во единиците на локалната самоуправа |
| 2015 | ▪ Измени и дополнувања на Изборниот законик, со кои се зголемува родовата квота од 30% на 40% застапеност на помалку застапениот пол на кандидатите на изборните листи<br>▪ Измени и дополнувања на Законот за работни односи – со кои се налага еднаква плата за жените и мажите и еднаков третман во поглед на вработувањето, работното време, условите за работа, професионалните шеми за социјално осигурување и отсуството од работа |
| 2017 | ▪ Донесен Закон за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) (потпишана во 2011 година, а стапи на сила во 2018 година)<br>▪ Измени и дополнувања на Законот за минимална плата – за изедначување на минималната плата со националниот просек за работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија, каде што најголем дел од вработените се жени |

| | |
|---|---|
| 2018 | ▪ Донесен третиот Национален акциски план за родова еднаквост за 2018 – 2020 година<br>▪ Донесен НАП 2018 – 2023 за имплементација на Истанбулската конвенција – за усогласување на националното законодавство со одредбите од Конвенцијата, како и исполнување на обврските за спречување родово базирано насилство, обезбедување ефективна заштита на жртвите и гонење и казнување на сторителите<br>▪ Измени на Методологијата за стратегиско планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата – кои придонесоа за воспоставување механизам за вклучување на родовата перспектива во стратегиските планови и годишните програми и следење на нивната реализација<br>▪ Донесена Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 – 2023 година – со цел да се развие претприемнички екосистем за континуирано унапредување на женското претприемништво, преку вклучување на сите релевантни засегнати страни, зголемување на бројот на старт-ап претпријатија во сопственост на жени, зголемување на бројот на вработени во фирми основани од жени и зголемување на бројот на жени вработени во претпријатијата<br>▪ Донесени измени на Законот за учебници за основно и средно образование – со цел да се ограничат дискриминирачките и стереотипни содржини во учебниците и да се обезбеди квалитет<br>▪ Донесени измени на Законот за основно образование – со кои се воведе одредба за антидискриминација |
| 2019 | ▪ Донесен нов Закон за прекинување на бременоста (Закон за абортус) – со кој се укинаа одредбите за задолжителниот период за советување и други административни бариери за остварување на правото на абортус<br>▪ Донесен нов Закон за социјална заштита – реформа на целокупниот систем на социјална заштита за поефективно исполнување на потребите на граѓаните, при што особено значајно место заземаат жените и девојките од ранливите категории |

| | |
|---|---|
| 2020 | ▪ Донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација – со кој се признаваат родовиот идентитет и сексуалната ориентација како дискриминирачки основи и се воведува концептот на интерсекциска дискриминација<br>▪ Донесен вториот Национален акциски план за спроведување на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН (2020 – 2025) |
| 2021 | ▪ Донесен Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство – усогласен со барањата на Истанбулската конвенција |
| 2022 | ▪ Донесена нова Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 година, која содржи јасно наведени општи и специфични цели, очекувани резултати и индикатори за следење и евалуација<br>▪ Поднесен е првиот извештај од Северна Македонија до GREVIO - експертското тело при Советот на Европа за имплементација на Истанбулската конвенција<br>▪ Усвоен е Закон за буџети со кои за прв пат се регулира принципот на родово одговорно буџетирање и обврската за вклучување на родови индикатори и родово буџетска изјава на централно и на локално ниво<br>▪ Усвоен е предлог-законот за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со кој се намалува стапката за прометот со менструални производи. |



# НАСЕЛЕНИЕ

Според податоците од последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во 2021 година, Република Северна Македонија има 1 836 713 жители, што е за 185 834 лица или за 5.6 % помалку во однос на Пописот од 1994 г. и 9.2 % помалку во однос на Пописот од 2002 година.

Процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е речиси подеднакво, но за прв пат во Пописот 2021 учеството на жените со 50.4 % е поголемо од учеството на мажите (49.6 %). Овој податок оди во прилог и на показателот за бројот на мажи на 1000 жени кој во 2021 г. изнесува 985 мажи на 1000 жени.

Во однос на старосната структура, македонското население сè повеќе старее и денес се наоѓа во состојба на демографска старост. Според Пописот на населението од 2021 г., стареењето на нацијата го потврдуваат и податоците според возрасните групи, каде бројот на старо население е во пораст, но и неговото учеството во вкупното население, исто така. Учеството на населението на возраст од 0-15 години изнесува 17.0 % , од 15-64 години изнесува 65.9 %, а учеството на старото население од 65 и повеќе години изнесува 17.2 %.

Гледајќи ја состојбата по возрасни групи, во возрасната група од 0 до 14 години бројот на мажи е за 6.7% поголем од бројот на жени, во возрасната група од 15 до 64 години бројот на мажи е само за 0.7% поголем од бројот на жени, а во возрасната група од 65 и повеќе бројот на жени е за 16.8% поголем од бројот на мажите. Куриозитет е што во Северна Македонија е попишано и 51 лице на возраст над 100 години, од кои 33 се жени, а 18 се мажи.

Северна Македонија се соочува и со изразена регионална нерамномерност на населението помеѓу урбаните и руралните средини. Во земјава доминира урбаното население со вкупно 1 131 356 жители (или 61.6 %), додека во руралните средини живеат 705 357 жители (или 38.4 %). Учеството на жените во руралните средини изнесува 37.5 % од вкупниот број на жени, а на мажите 39.3 % од вкупниот број на мажи.

Во вкупното резидентно население бројот на лицата со попреченост изнесува 94 412 лица од кои 55.3% се жени. Учеството по возрасни групи изнесува: 1.8% на возраст од 0 до 14 години, 43.5% на возраст од 15 до 64 години и 54.8% на возраст од 65 и повеќе. Според видот на попреченоста, најголемо учество од 40.8% или 38 499 имаат лицата со потешкотии со движењето, од кои 59.8% се жени, потоа следуваат лицата со потешкотии со видот со учество од 12 371 лице или 13.1% од кои 56% се жени, со потешкотии со слухот со учество 6.3% или 5 947 лица од кои 49% се жени и потешкотии со комуникацијата со учество од 4.2% или 3 896 лица од кои 42.9% се жени.

Во последните децении, Република Северна Македонија се соочува со бројни предизвици кои произлегуваат од постоечките економски и социјални состојби, кои имаат директно влијание врз населението. Додека стапките на раѓања се намалуваат, а со тоа се намалува и учеството на младите во целокупната структура на населението, бројот на старите луѓе сè повеќе се зголемува.

Во 2021 година, просечната возраст на населението изнесува 40.8 години (на мажите 39.9 години и на жените 41.7 години).

Според очекуваното траење на животот во Република Северна Македонија, жените живеат 76.8 години, односно за 4.4 години подолго од мажите, кои живеат 72.4 година.

Според вредноста на тоталната стапка на фертилитет (ТФР) во 2021 година, која изнесува 1.6 живородени деца на една жена, жените во Северна Македонија сè почесто се решаваат да раѓаат само по 1 дете. Просечната возраст на мајката при вкупниот број раѓања е 29.2 години, а 27.5 години кај првите раѓања. Во 2021 година се регистрирани и 20 живородени деца од мајки на возраст под 15 години. Според редот на раѓањето, 8146 се првородени, 7 004 се второродени, 2258 се треторoдени, а регистрирани се и 14 случаи на живородени деца како деветто и повеќе. Според структурата по пол на живородените деца, поголемо учество од 51.1 % имаат машките, т.е. на 100 живородени женски деца 104.5 се машки. Бројот на вонбрачните живородени деца изнесува 2 546 деца, или 13.7% од вкупниот број на живородените деца припаѓаат на вонбрачните.

Неповолната старосна структура има свое влијание и врз бројот на умрените лица. Од вкупно 28 516 лица, 46.9% се жени, а 53.1% се мажи. Просечната возраст кај умрените од машки пол изнесува 71.6 години, односно 75.2 години кај лицата од женски пол, или за 3.6 години повисока просечна возраст се бележи кај жените.

Во 2021 г. во вкупниот број случаи на насилна смрт (677) најголемо учество имаат „несреќните случаи" со 83.3%, каде жените учествуваат со 39.9%, „самоубиствата" со 15.5% од кои 30.5% се жени и „убиствата" со 1.2% од кои 12.5 % жени. Во вкупниот бројот на умрени лица во транспортни несреќи евидентно е поголемото учество на мажите со 92.9 %.

Како резултат на одложувањето на стапувањето во брак во повозрасните години, во 2021 година најголем број бракови биле склучени во старосната група од 25 до 29 години, односно 4 392 или 32.9% кај жените и 4 959 бракови или 37.2 % кај мажите.

Просечната возраст при склучување прв брак е 27.0 години за невестата и 29.7 години за младоженецот. Најчесто е стапувањето во прв брак со учество од 94.0 % за жените и 93.3 % за мажите. Во втор брак со учество од 6.2% и во трет брак со учество од 0.6 %, во вкупниот број склучени бракови, почесто стапуваат мажите.

Според возраста, најголем број разводи се случиле во старосната група од 35 до 39 години, и тоа 364 или 18.5 % кај жените и 365 или 18.6% кај мажите. Според траењето на бракот, најмногу разводи, 451 (23.0%), се случиле од 5 до 9 години по склучувањето на бракот.

Според Пописот од 2021 г., според типот на семејството, од вкупно 538 348 семејства, 10.1% се сами мајки со деца, а 3.2 % сами татковци со деца.

Податоците за внатрешните миграции покажуваат дека најголемо учество со 37,6 % имаат жените во возрасната група од 15-29 години. Според податоците за отселени граѓани на Северна Македонија во други држави во 2021 година, од вкупно 1230 лица, учеството на жените изнесува 49.2%.

**ТАБЕЛА 1.**

## Показатели за половата структура на населението низ пописите

| Година | Жени | Мажи | Учество на жените % | Учество на мажите % | Индекс на пораст кај жените (1931=100) | Индекс на пораст кај мажите (1931=100) | Број на мажи на 1000 жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1931** | 471 439 | 478 519 | 49.6 | 50.4 | 100 | 100 | 1 015 |
| **1948** | 568 984 | 584 002 | 49.3 | 50.7 | 120.7 | 122 | 1 026 |
| **1953** | 644 653 | 659 861 | 49.4 | 50.6 | 136.7 | 137.9 | 1 024 |
| **1961** | 695 929 | 710 074 | 49.5 | 50.5 | 147.6 | 148.4 | 1 020 |
| **1971** | 812 616 | 834 692 | 49.3 | 50.7 | 172.4 | 174.4 | 1 027 |
| **1981** | 940 993 | 968 143 | 49.3 | 50.7 | 199.6 | 202.3 | 1 029 |
| **1991** | 1 006 612 | 1 027 352 | 49.5 | 50.5 | 213.5 | 214.7 | 1 042 |
| **1994** | 971 677 | 974 255 | 49.9 | 50.1 | 206.1 | 203.6 | 1 021 |
| **2002** | 1 007 170 | 1 015 377 | 49.8 | 50.2 | 213.6 | 212.2 | 1 008 |
| **2021** | 925 626 | 911 087 | 50.4 | 49.6 | 196.3 | 190.4 | 984.3 |

## ГРАФИК 1.

### Население според старосни групи и пол, Попис 2002 и Попис 2021




## ГРАФИК 2.

### Учество на жените и мажите според основните групи на возраст, Попис 2021 г.






**ТАБЕЛА 2.**

## Учество на жените и мажите по региони, Попис 2021 г.

| Регион | Пол | Вкупно | % | Број на мажи на 1000 жени |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | **Вкупно** | **1 836 713** | **100** | **984.3** |
| | Жени | 925 626 | 50.4 | |
| | Мажи | 911 087 | 49.6 | |
| Вардарски Регион | **Вкупно** | **138 722** | **100** | **1014.9** |
| | Жени | 68 847 | 49.6 | |
| | Мажи | 69 875 | 50.4 | |
| Источен Регион | **Вкупно** | **150 234** | **100** | **999.8** |
| | Жени | 75 123 | 50.0 | |
| | Мажи | 75 111 | 50.0 | |
| Југозападен Регион | **Вкупно** | **177 398** | **100** | **992.5** |
| | Жени | 89 033 | 50.2 | |
| | Мажи | 88 365 | 49.8 | |
| Југоисточен Регион | **Вкупно** | **148 387** | **100** | **1005.7** |
| | Жени | 73 982 | 49.9 | |
| | Мажи | 74 405 | 50.1 | |
| Пелагониски Регион | **Вкупно** | **210 431** | **100** | **995.6** |
| | Жени | 105 449 | 50.1 | |
| | Мажи | 104 982 | 49.9 | |
| Полошки Регион | **Вкупно** | **251 552** | **100** | **974.9** |
| | Жени | 127 375 | 50.6 | |
| | Мажи | 124 177 | 49.4 | |
| Североисточен Регион | **Вкупно** | **152 982** | **100** | **1009.2** |
| | Жени | 76 140 | 49.8 | |
| | Мажи | 76 842 | 50.2 | |
| Скопски Регион | **Вкупно** | **607 007** | **100** | **960.1** |
| | Жени | 309 677 | 51.0 | |
| | Мажи | 297 330 | 49.0 | |

ГРАФИК 3.

## Учество на жените и мажите според типот на населеното место (урбано/рурално), Попис 2021 г.




ТАБЕЛА 3.

## Просечна возраст на населението

| Жени | | Мажи |
|---|---|---|
| 40.4 | 2019 | 38.6 |
| 40.6 | 2020 | 38.9 |
| 41.7 | 2021 | 39.9 |

ТАБЕЛА 4.

## Очекувано траење на животот

| Жени | | Мажи |
|---|---|---|
| 78.3 | 2019 | 74.4 |
| 77.9 | 2020 | 73.6 |
| 76.8 | 2021 | 72.4 |



ТАБЕЛА 5.

## Вкупно резидентно население според видот на попреченост, групи на возраст и пол, Попис 2021

| Вид на попреченост | Пол | Возрасни групи | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | 0-14 | 15-65 | 65+ |
| **Вкупно** | **Вкупно** | 94 412 | 1 674 | 40 985 | 51 753 |
| | **Жени** | 52 203 | 661 | 20 415 | 31 127 |
| | **Мажи** | 42 209 | 1 013 | 20 570 | 20 626 |
| **Со движењето** | Вкупно | 38 499 | 258 | 13 597 | 24 644 |
| | Жени | 23 021 | 121 | 6 859 | 16 041 |
| | Мажи | 15 478 | 137 | 6 738 | 8 603 |
| **Со видот** | Вкупно | 12 371 | 307 | 5 678 | 6 386 |
| | Жени | 6 917 | 157 | 3 090 | 3 670 |
| | Мажи | 5 454 | 150 | 2 588 | 2 716 |
| **Со слухот** | Вкупно | 5 947 | 69 | 1 419 | 4 459 |
| | Жени | 2 906 | 29 | 666 | 2 211 |
| | Мажи | 3 041 | 40 | 753 | 2 248 |
| **Со комуникацијата** | Вкупно | 3 896 | 385 | 2 193 | 1 318 |
| | Жени | 1 670 | 106 | 841 | 723 |
| | Мажи | 2 226 | 279 | 1 352 | 595 |
| **Други потешкотии** | Вкупно | 33 699 | 655 | 18 098 | 14 946 |
| | Жени | 17 689 | 248 | 8 959 | 8 482 |
| | Мажи | 16 010 | 407 | 9 139 | 6 464 |

ТАБЕЛА 6.

## Живородени деца според возраста и брачната состојба на мајката

| Возраст | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | во брак | вон брак | во брак | вон брак | во брак | вон брак |
| **Вкупно** | **17 391** | **2 454** | **16 565** | **2 466** | **16 102** | **2 546** |
| Под 15 год. | - | 16 | - | 19 | - | 20 |
| 15-19 | 380 | 518 | 375 | 542 | 311 | 480 |
| 20-24 | 2 985 | 616 | 2 869 | 593 | 2 645 | 670 |
| 25-29 | 6 117 | 614 | 5 785 | 614 | 5 685 | 649 |
| 30-34 | 5 196 | 408 | 5 007 | 387 | 4 992 | 454 |
| 35-39 | 2 301 | 214 | 2 156 | 229 | 2 074 | 207 |
| 40-44 | 382 | 57 | 353 | 74 | 376 | 61 |
| 45-49 | 25 | 9 | 18 | 6 | 13 | 3 |
| 50 + | 5 | 2 | 1 | 2 | 6 | 2 |
| Непознато | - | - | 1 | - | - | - |

ГРАФИК 4.

## Структура на живородените деца според возраста на мајката



## ТАБЕЛА 7.

### Живородени деца според возраста на мајката, град/ село

| Возраст | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | град | село | град | село | град | село |
| **Вкупно** | **11 224** | **7 424** | **11 258** | **7 773** | **11 772** | **8 073** |
| Под 15 год. | 17 | 3 | 15 | 4 | 15 | 1 |
| 15-19 | 477 | 314 | 530 | 387 | 511 | 387 |
| 20-29 | 5117 | 4532 | 5 128 | 4 733 | 5 442 | 4 890 |
| 30-39 | 5281 | 2446 | 5 263 | 2 516 | 5 454 | 2 665 |
| 40-49 | 328 | 125 | 319 | 132 | 343 | 130 |
| 50 + | 4 | 4 | 2 | 1 | 7 | - |
| Непознато | - | - | 1 | - | - | - |

## ТАБЕЛА 8.

### Просечна возраст на мајката при раѓање

| Вкупно раѓања | | Прво раѓање |
|---|---|---|
| 29.2 | 2019 | 27.5 |
| 29.1 | 2020 | 27.5 |
| 29.2 | 2021 | 27.5 |

## ГРАФИК 5.

### Тотална стапка на фертилитет



## ГРАФИК 6. Витален индекс – живородени на 100 умрени




## ТАБЕЛА 9. Морталитет

**Стапка на морталитет**

| | |
|---|---|
| 2019 | 9.8 |
| 2020 | 12.4 |
| 2021 | 15.5 |

**Стапка на неонатална смртност**

| | |
|---|---|
| 2019 | 3.8 |
| 2020 | 4.2 |
| 2021 | 2.9 |

**Стапка на смртност кај доенчиња**

| | |
|---|---|
| 2019 | 5.6 |
| 2020 | 5.7 |
| 2021 | 4.6 |

**Стапка на смртност на деца под 5 години**

| | |
|---|---|
| 2019 | 6.3 |
| 2020 | 6.0 |
| 2021 | 4.9 |

**Стапка на перинатална смртност**

| | |
|---|---|
| 2019 | 9.9 |
| 2020 | 10.0 |
| 2021 | 9.3 |

**Стапка на матернална смртност (на 100.000 живородени )**

| | |
|---|---|
| 2019 | - |
| 2020 | 5.2 |
| 2021 | 10.7 |

*Извор*: Институт за јавно здравје

**ТАБЕЛА 10.**

## Умрени лица по пол, град/село

| | 2019 | | | 2020 | | | 2021 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | женски | машки | вкупно | женски | машки | вкупно | женски | машки |
| **Вкупно** | **20 446** | **9 830** | **10 616** | **25 755** | **11 841** | **13 914** | **28 516** | **13 361** | **15 155** |
| Град | 12 831 | 6 234 | 6 597 | 15 948 | 7 228 | 8 720 | 17 955 | 8 259 | 9 696 |
| Село | 7 615 | 3 596 | 4 019 | 9 807 | 4 613 | 5 194 | 10 561 | 5 102 | 5 459 |

**ГРАФИК 7.**

## Просечна возраст на умрените



**ТАБЕЛА 11.**

## Умрени лица од насилна смрт

| Насилна смрт | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи |
| **Вкупно** | **113** | **341** | **119** | **319** | **258** | **419** |
| Несреќни случаи | 85 | 239 | 92 | 217 | 225 | 339 |
| Самоубиства | 24 | 82 | 23 | 82 | 32 | 73 |
| Убиства | 4 | 20 | 4 | 20 | 1 | 7 |
| **Во %** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |
| Несреќни случаи | 75.2 | 70.1 | 77.3 | 68.0 | 87.2 | 80.9 |
| Самоубиства | 21.2 | 24.0 | 19.3 | 25.7 | 12.4 | 17.4 |
| Убиства | 3.5 | 5.9 | 3.4 | 6.3 | 0.4 | 1.7 |

**ГРАФИК 8.**

## Умрени лица во сообраќајни несреќи



**ГРАФИК 9.**

## Склучени бракови според возраста



ТАБЕЛА 12.

## Склучени бракови според поранешната брачна состојба

| Поранешна брачна состојба | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| | **2019** | |
| Немажена/неженет | 12 889 | 12 719 |
| Вдовица/вдовец | 76 | 107 |
| Разведена/разведен | 849 | 988 |
| | **2020** | |
| Немажена/неженет | 9 675 | 9 542 |
| Вдовица/вдовец | 47 | 82 |
| Разведена/разведен | 556 | 654 |
| | **2021** | |
| Немажена/неженет | 12 531 | 12 437 |
| Вдовица/вдовец | 59 | 89 |
| Разведена/разведен | 747 | 811 |

ТАБЕЛА 13.

## Склучени бракови според бракот по ред

| Брак по ред | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| | **2019** | |
| Прв | 12 889 | 12 719 |
| Втор | 894 | 1 017 |
| Трет и повеќе | 31 | 78 |
| | **2020** | |
| Прв | 9 675 | 9 542 |
| Втор | 579 | 671 |
| Трет и повеќе | 24 | 65 |
| | **2021** | |
| Прв | 12 531 | 12 437 |
| Втор | 777 | 825 |
| Трет и повеќе | 29 | 75 |

ТАБЕЛА 14.

## Просечна возраст при склучување прв брак

| Жени | | Мажи |
|---|---|---|
| 26.9 | 2019 | 29.8 |
| 27.0 | 2020 | 29.7 |
| 27.0 | 2021 | 29.7 |



ТАБЕЛА 15.

## Разведени бракови според возраста на сопружниците

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | сопруга | сопруг | сопруга | сопруг | сопруга | сопруг |
| **Вкупно** | **1 990** | | **1 569** | | **1 964** | |
| **Под 20** | 19 | 1 | 11 | 1 | 14 | 1 |
| **20 – 24** | 178 | 92 | 144 | 56 | 160 | 72 |
| **25 – 29** | 328 | 231 | 227 | 185 | 307 | 207 |
| **30 – 34** | 360 | 334 | 275 | 237 | 354 | 330 |
| **35 – 39** | 349 | 344 | 278 | 262 | 364 | 365 |
| **40 – 44** | 304 | 343 | 243 | 262 | 274 | 308 |
| **45 – 49** | 196 | 238 | 176 | 218 | 199 | 242 |
| **50 +** | 256 | 407 | 215 | 348 | 292 | 439 |

ТАБЕЛА 16.

## Разводи според траењето на бракот

| Траење во години | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 |
| **Вкупно** | **1 990** | **1 569** | **1 964** |
| под 1 | 102 | 86 | 91 |
| 1 | 170 | 132 | 137 |
| 2 | 137 | 104 | 149 |
| 3 | 121 | 87 | 115 |
| 4 | 122 | 108 | 102 |
| 5-9 | 430 | 324 | 451 |
| 10-14 | 265 | 176 | 276 |
| 15+ | 643 | 552 | 643 |

ГРАФИК 10.

## Разведени бракови според доделените деца по разводот



## ТАБЕЛА 17.

### Основни показатели за склучени и разведени бракови

| Година | Стапка на нупцијалитет (склучени бракови на 1000 жители) | Стапка на диворцијалитет (разведени бракови на 1000 жители) | Разведени бракови на 1000 склучени |
|---|---|---|---|
| **2019** | 6.7 | 1 | 144.1 |
| **2020** | 5 | 0.8 | 152.7 |
| **2021** | 7.3 | 1.1 | 147.3 |

## ГРАФИК 11.

### Семејства според типот на семејството, Попис 2021



ТАБЕЛА 18.

## Внатрешни миграции

### Доселени граѓани според полот и возраста

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Северна Македонија | Скопје | Северна Македонија | Скопје | Северна Македонија | Скопје |
| **Вкупно** | 6 143 | 1 954 | 5 369 | 1 942 | 6 407 | 1 999 |
| 0-14 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 |
| 15-29 | 2 857 | 569 | 2 285 | 547 | 2 786 | 591 |
| 30-64 | 2 959 | 1259 | 2 753 | 1 261 | 3 182 | 1 279 |
| 65+ | 327 | 126 | 328 | 134 | 437 | 129 |
| **Жени** | **4 559** | **1 141** | **3 872** | **1 139** | **4 593** | **1 167** |
| 0-14 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 |
| 15-29 | 2516 | 400 | 1 989 | 383 | 2 409 | 409 |
| 30-64 | 1884 | 679 | 1 718 | 691 | 1 976 | 696 |
| 65+ | 159 | 62 | 162 | 65 | 206 | 62 |
| **Мажи** | **1 584** | **813** | **1 497** | **803** | **1 814** | **832** |
| 0-14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15-29 | 341 | 169 | 296 | 164 | 377 | 182 |
| 30-64 | 1075 | 580 | 1 035 | 570 | 1 206 | 583 |
| 65+ | 168 | 64 | 166 | 69 | 231 | 67 |

ТАБЕЛА 19.

## Надворешни миграции

### Отселени во други држави според полот и возраста

| Возраст | | Вкупно | Граѓани на Северна Македонија | Странци |
|---|---|---|---|---|
| 2019 | | | | |
| Вкупно | Жени | 343 | 293 | 50 |
| | Мажи | 455 | 319 | 136 |
| 0-14 | Жени | 21 | 18 | 3 |
| | Мажи | 30 | 24 | 6 |
| 15-29 | Жени | 130 | 106 | 24 |
| | Мажи | 131 | 86 | 45 |
| 30-64 | Жени | 177 | 155 | 22 |
| | Мажи | 267 | 186 | 81 |
| 65+ | Жени | 15 | 14 | 1 |
| | Мажи | 27 | 23 | 4 |
| 2020 | | | | |
| Вкупно | Жени | 474 | 446 | 28 |
| | Мажи | 608 | 491 | 117 |
| 0-14 | Жени | 52 | 48 | 4 |
| | Мажи | 59 | 57 | 2 |
| 15-29 | Жени | 176 | 162 | 14 |
| | Мажи | 184 | 150 | 34 |
| 30-64 | Жени | 213 | 203 | 10 |
| | Мажи | 337 | 259 | 78 |
| 65+ | Жени | 33 | 33 | 0 |
| | Мажи | 28 | 25 | 3 |
| 2021 | | | | |
| Вкупно | Жени | 647 | 605 | 42 |
| | Мажи | 765 | 625 | 140 |
| 0-14 | Жени | 65 | 61 | 4 |
| | Мажи | 66 | 60 | 6 |
| 15-29 | Жени | 195 | 176 | 19 |
| | Мажи | 251 | 218 | 33 |
| 30-64 | Жени | 351 | 334 | 17 |
| | Мажи | 421 | 321 | 100 |
| 65+ | Жени | 36 | 34 | 2 |
| | Мажи | 27 | 26 | 1 |



Во 2021 година, од вкупниот број умрени лица, 46.9% се жени. Најголемо учество имаат умрените лица од болести на циркулаторниот систем со 10 238 лица, од кои 50.6% се жени, потоа следат случаите кај кои како причина за смрт се јавува КОВИД-19, од кои 42.5% се жени. Стапката на смртност од хронични болести е значително поголема кај мажите отколку кај жените, а истата е во благ пораст во периодот 2019-2021 и кај жените и кај мажите. Бројот на самоубиствата е речиси ист, но во поголем број се причина за смрт кај мажите.

